Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а согласно член 95 став 1 и став 3 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр.124/15) и член 97 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-3632/1 од 22.8.2025 г., по повод Известувањето бр.18-1628/2 од 24.08.2026 г. (наш арх.бр.03-3167/2 од 24.08.2026 г.) и Предлогот на Директорот на Агенцијата УП1 бр.02-192 од 25.08.2026 г. за прекинување на постапката за одлучување по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговско радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје Уп1 бр.02-192/1 од 29.6.2026 г, а согласно Заклучокот, арх.бр.02-3075/7 од 25.08.2026 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на продолжението на 28. седница одржано на 25.08.2026 г., донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за прекинување на постапката за одлучување по Известување за промена на сопственичка структура на Трговско радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје

1. СЕ ПРЕКИНУВА постапката за одлучување по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговско радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје Уп1 бр.02-192/1 од 29.6.2026 г., до завршување на постапувањето по оформен предмет на друг надлежен јавен орган согласно Известувањето бр.18-1628/2 од 24.08.2026 г. (наш арх.бр.03-3167/2 од 24.08.2026 г.)

2. Ова решение е конечно.

## О б р а з л о ж е н и е

Трговско радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје (РФМ ДООЕЛ Скопје), преку Адвокатското друштво Пепељугоски како овластен полномошник за застапување, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на РМ“ бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура (Уп1 бр.02-192/1 од 29.6.2026 г.), ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) за неговата намера да спроведе промена на сопственичката структура на РФМ ДООЕЛ Скопје.

Агенцијата, со цел да испита дали со предложените промени на сопственичката структура на РФМ ДООЕЛ Скопје би се создала недозволена медиумска концентрација, односно дали тие се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од ЗАВМУ, преку интернет Дистрибутивниот систем на Централниот регистар на РСМ (ЦРРСМ) и директно од ЦРРСМ, обезбеди податоци од кои е видно дека: правното лице Друштвото за трговија и услуги АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДООЕЛ Скопје не се јавува како сопственик на други трговски друштва; управителот на Друштвото за трговија и услуги АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДООЕЛ Скопје - физичкото лице Драган Лазиќ, не се јавува како основач и/или управител на други трговски друштва; основачот на Друштвото за

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумскиуслуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18).

трговија и услуги АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДООЕЛ Скопје - правното лице АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДОО БЕЛГРАД не се јавува како сопственик на други трговски друштва; основачот на правното лице АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДОО БЕЛГРАД - физичкото лице Саша Благојевиќ, не се јавува како сопственик и/или управител на трговски друштва. Дополнително, Агенцијата изврши проверка и во Регистарот на вистински сопственици што го води ЦРРСМ, од каде го обезбеди документот „Тековна состојба за физичко лице - вистински сопственик" за Саша Благојевиќ, бр.2007-50/150020260296524 од 24.7.2026 г., од кој може да се констатира дека ова лице е евидентирано како вистински сопственик само на правното лице Друштво за трговија и услуги АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДООЕЛ Скопје.

Согласно член 41 став 3 од ЗАВМУ, Агенцијата е должна во рок од 30 дена од денот на приемот на известувањето од ставот (1) на овој член да испита дали со предложените промени на сопственичката структура би се создала недозволена медиумска концентрација, во смисла на овој закон, односно да испита дали предложените промени на сопственичката структура се спротивни на забраната од членовите 34, 35 став (2) или 38 од овој Закон. Притоа, Агенцијата е должна да соработува и разменува информации со државни органи и тела, согласно со овој Закон. Согласно член 41 став 4 од ЗАВМУ, Агенцијата може од оправдани причини да го продолжи рокот од ставот (3) на овој член, само еднаш, но не повеќе од 30 дена за што писмено ќе го информира радиодифузерот во рок не помал од три дена пред истекот на рокот од ставот (3) на овој член. Советот на Агенцијата на 27 седница одржана на 28.7.2026 г. донесе Заклучок, арх.бр.02-2884/3 од 28.7.2026 г. да го продолжи рокот за одлучување за бараната промена на сопственичката структура на радиодифузерот утврден во член 41 став 3 од ЗАВМУ, за дополнителни 30 дена, односно заклучно со 27.08.2026 година. За наведеното, Агенцијата на 28.7.2026 г. достави Известување, Уп1 бр.02-192 од 28.7.2026 г. до Адвокатското друштво Пепељугоски, како овластен полномошник за застапување на радиодифузерот во предметната постапка, кое беше примено на 28.7.2026 г.

Во врска со сето погоре наведено, а имајќи предвид дека Агенцијата нема законска надлежност ниту механизми самостојно да ги провери сомнежите кои се појавија во текот на постапката, Агенцијата до надлежен јавен орган достави Барање за постапување и доставување информации (наш арх.бр.03-3167/1 од 20.08.2026 г.), Доставеното барање е заради целосно и правилно утврдување на фактичката состојба во предметната постапка и донесување законита и основана одлука за планираната промена на сопственичката структура на радиодифузерот. На 24.08.2026 г. до Агенцијата е доставено Известување бр.18-1628/2 од 24.08.2026 г. (наш арх.бр.03-3167/2 од 24.08.2026 г.), во кое меѓудругото, во врска со наводите и околностите опфатени во напред цитираното Барање на Агенцијата, беше известена дека јавниот орган оформил предмет за кој се постапува во рамките на неговите законски надлежности и дека дејствијата во рамките на овој предмет се тајни, како и дека информациите за активностите што се преземаат се доверливи.

Во член 95 став 1 од Законот за општа управна постапка (ЗОУП) е утврдено дека ако јавниот орган што ја води постапката наиде на прашање чие решавање е предуслов за да се одлучи за самата работа, а истото претставува независно правно прашање за чие решавање е надлежен суд или некој друг јавен орган (во натамошниот текст: претходно прашање), јавниот орган што ја води управната постапка ја прекинува постапката додека не се реши претходното прашање и за тоа ја известува странката. Согласно член 95 став 3 од ЗОУП, кога постапката по претходното прашање се поведува по службена должност од страна на друг јавен орган, јавниот орган што ја води постапката, ќе бара решавање на претходното прашање од страна на другиот јавен орган.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, врз основа на член 95 став 1 и став 3 од ЗОУП, Директорот на Агенцијата до Советот на Агенцијата достави Предлог УП1 бр.02-192 од 25.08.2026 г. за прекинување на постапката за одлучување по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговско радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје Уп1 бр.02-192/1 од 29.6.2026 г., до завршување на постапувањето на надлежниот јавен орган, по оформениот предмет.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[2] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно член 95 став 1 и став 3 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка и член 97 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по повод Известувањето бр.18-1628/2 од 24.08.2026 г. (наш арх.бр.03-3167/2 од 24.08.2026 г.) и Предлогот на Директорот на Агенцијата УП1 бр бр.02-192 од 25.08.2026 г. за прекинување на постапката за одлучување по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговско радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје Уп1 бр.02-192/1 од 29.6.2026 г, а согласно Заклучокот, арх.бр.02-3075/7 од 25.08.2026 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на продолжението на 28. седница одржано на 25.08.2026 г., донесе Решение како во диспозитивот, кое е конечно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Против ова Решение, може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Примерок од Решението да се достави до:**

- Адвокатско друштво Пепељугоски, овластен полномошник за застапување на ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – Архива на Агенцијата;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1.

[2]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумскиуслуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).